TIKVEŠ
SINCE 1885

Веруваме дека луѓето се клучен фактор за врвни достигнувања и за успехот на една компанија. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, производство, развој и унапредување на човечките ресурси.

Денес винарската визба „Тиквеш" ја создава приказната за македонското вино во светот, прераснувајќи во клучен двигател на македонската индустрија за вино. Со цел да ја продолжиме оваа мисија, потребни ни се луѓе кои ја делат нашата посветеност и страст.

- Доколку сакате да придонесете за понатамошниот развој на еден од најиновативните и најперспективните вински брендови
- Доколку не можете да одолеете на приказната за виното и подготвени сте да бидете дел од една од највозбудливите индустрии за пијалаци
- Доколку сакате својот понатамошен професионален развој да го градите во динамична средина, исполнета со интересни предизвици

… придружете се на нашиот тим и аплицирајте за отворената работна позиција:

## ОПЕРАТОР ВО МАГАЦИН ЗА ГОТОВ ПРОИЗВОД
Кавадарци

**Потребни квалификации:**
- Средно образование
- Познавање на работа со компјутер

**Профил на кандидатот:**
- Професионалност и деловна култура
- Самоиницијативност и флексибилност
- Организираност и посветеност на детали

**Клучни одговорности:**
- Прием, складирање, обележување и издавање на готови производи;
- Водење лагер листа и изготвување соодветна документација при вршење на утовар на готови производи;
- Контролирање и пломбирање на утоварените возила;
- Контролирање на квалитетот на готовите производи и нивното складирање;
- Овозможување непречено одвивање на пописи;
- Активно придонесување кон ефективно и ефикасно одвивање на сите процеси во магацинот за готов производ.

Изборот на кандидатите ќе се направи по јасно утврдени критериуми, по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.

Ако сте заинтересирани и верувате дека ги исполнувате потребните услови, може да аплицирате на следниот ЛИНК најдоцна до 04.03.2024 година.